Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, и членовите 16, 17 и 18 ставови (1) и (2) и членот 48 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 декември 2019 година, донесе

**Одлука**
**за објавување јавен оглас за избор на членовите**
**на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**

I. Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за избор на членовите (седум) на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисија).

При изборот на првиот состав на Комисијата, согласно со Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), четири члена се избираат со мандат од пет години, а три члена со мандат од три години, со право на еден повторен избор.

II. За член на Комисијата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да има стекнато 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование и има минимум седум години работно искуство од областа на човековите права од кои пет години во областа на еднаквост и недискриминација;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна затвор од над шест месеци или забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) да не е носител на функција во политичка партија.

III. Пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точката II. на оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, заинтересираните кандидати треба да ги поднесат до Собранието на Република Северна Македонија. За исполнување на условот од точката II. потточка 4) на оваа одлука кандидатот треба да достави и лична изјава заверена на нотар дека не е носител на функција во политичка партија.

IV. Огласот трае 30 дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

V. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во весниците „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Лајм“ и на интернет страницата на Собранието на Република Северна Македонија и на интернет страницата на Комисијата на сите јазици на заедниците во Република Северна Македонија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Број 08 – 6702/1
12 декември 2019 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

m-r Talat Xhaferi, c.p.

Дека преписот е верен на оригиналот тврди:

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Нецбедин Ибраими